Архивски број: 03- 11052/1
Датум: 02-10-2025

Друштво за трговија и услуги
АВЦ ГРОУП ДОО
Бр. 44/25
06.10 2025 год.

# РАМКОВНА СПОГОДБА

за јавна набавка на услуги - одржување и сервисирање на аудиовизуелна опрема

Склучена помеѓу:

1.МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ, со седиште на улица „Даме Груев", бр. 12 - Скопје, претставувано од м-р Гордана Димитриеска - Кочоска, министер за финансии (во натамошниот текст: договорен орган), од една страна и

2.Друштво за трговија и услуги АВЦ ГРОУП ДОО Скопје, со седиште на ул. „Борка Талевски" бр.13А, Скопје, претставувано од Игор Трајковски, управител, (во натамошниот текст: носител на набавката), од друга страна; и

## I. ПРЕДМЕТ НА РАМКОВНАТА СПОГОДБА

Член 1

Оваа рамковна спогодба се склучува по спроведена постапка од мала вредност за јавна набавка на услуги - одржување и сервисирање на аудиовизуелна опрема по оглас бр.13786/2025, а во согласност со прифатената понуда од носителот на набавката.

Предмет на оваа рамковна спогодба е регулирање на правата и обврските помеѓу страните, а заради одржување и сервисирање на аудиовизуелна опрема во објектот на Министерството за финансии лоциран на ул. „Даме Груев" бр.12 во Скопје.

Предметот, покрај одржување и сервисирање на аудиовизуелна опрема, опфаќа и замена на резервни делови по потреба и по барање на договорниот орган.

Составен дел на оваа спогодба се Техничките спецификации дадени во (Прилог 1 кон спогодбата) и понудата на носителот на набавката дадена во (Прилог 2 кон спогодбата).

Предметот на рамковната спогодба ќе се извршува сукцесивно според потребите на договорниот орган.

Член 2

Рамковната спогодба ќе се извршува без повторно прибирање на понуди, а поединечните договори/нарачки ќе се доделуваат во согласност со условите од рамковната спогодба.

Член 3

Носителот на набавката со потпишувањето на оваа рамковна спогодба се согласува и ги прифаќа во целост обврските и условите кои се утврдени во оваа рамковна спогодба и техничките спецификации (Прилог 1).

## II. ЈАЗИК НА РАМКОВНАТА СПОГОДБА

Член 4

Јазик на рамковната спогодба и на другите документи кои претставуваат составен дел на рамковната спогодба е македонскиот јазик. Јазик на целата комуникација во писмена и електронска форма помеѓу договорните страни е на македонски јазик.

## III. ВРЕДНОСТ НА РАМКОВНАТА СПОГОДБА

Член 5

Единичните цени за извршување на услугите од оваа спогодба се утврдени во финансиската понуда на носителот на набавката.

Во единечната цена за резервни делови наведени во техничката и финансиската понуда е содржана цената на резервниот дел кој се набавува, во кој се вклучени сите такси, увозни царини и останати давачки за набавка на делот.

При замена на резервен дел од техничката и финансиската понуда при реализација посебно се искажува цената на резервниот дел и цена на работен час (за онолку работни часови колку што се потребни) согласно единечната цена за работен час за преглед, контрола, отстранување и поправка на дефекти и замена на резервни делови од финансиската понуда.

Единечната цена за работен час за преглед, контрола, отстранување и поправка на дефекти и замена на резервни делови изнесува 4.000,00 денари без пресметан данок на додадена вредност.

Единечната цена за работен час за преглед, контрола, отстранување и поправка на дефекти и замена на резервни делови се однесува на замена на резервни делови кои се наведени во техничката понуда, како и за замена на делови кои не се наведени во техничката понуда.

Максималната вредност на рамковната спогодба без пресметан данок на додадена вредност изнесува 500.000,00 денари.

Вкупниот износ на данок на додадена вредност изнесува 90.000,00 денари.

Максималната вредност на рамковната спогодба со пресметан данок на додадена вредност изнесува 590.000,00 денари.

Договорниот орган не е обврзан да ја реализира максималната вредност на спогодбата.

Рамковната спогодба ќе се реализира согласно единечните цени од понудата на носителот на набавката.

При реализација на рамковната спогодба не се предвидува корекција на цените, односно единечните цените искажани во понудата на носителот на набавката ќе бидат фиксни за целото времетраење на рамковната спогодба.

Член 6

Цената за резервен дел кој не е предвиден во финансиската понуда (Прилог 2 кон спогодбата), ќе се фактурира според набавната цена на резервниот дел со пресметана трговска маржа од максимум 15 % сметано од набавната цена на делот, во кој се вклучени сите такси, увозни царини и останати давачки за набавка на делот.

За замена на резервен дел кој не е наведен во техничката понуда (Прилог 2 кон спогодбата), носителот на набавката е должен да понуди цена за истиот со трговска маржа од максимум 15 %.

За докажување на висината на маржата, носителот на набавката е должен со својата фактура да достави и примерок од фактурата од испорачателот на резервниот дел или официјален ценовник од производителот на делот.

При замена на резервен дел кој не е наведен во техничката понуда (Прилог 2 кон спогодбата) при реализација посебно се искажува цената на резервниот дел и цена на работен час (за онолку работни часови колку што се потребни) согласно единечната цена за работен час за преглед, контрола, отстранување и поправка на дефекти и замена на резервни делови од финансиската понуда.

## IV. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА РАМКОВНА СПОГОДБА

Член 7

Оваа рамковна спогодба се склучува за период од 12 (дванаесет) месеци, сметано од 18.10.2025 година, или до целосно искористување на максималната вредност од член 5, став 8 од оваа спогодба, во зависност од тоа кој услов прв ќе се исполни.

## V. НАЧИН НА ИЗВРШУВАЊЕ НА УСЛУГАТА

Член 8

Договорните страни се согласни извршувањето на секоја услуга која е предмет на оваа рамковна спогодба задолжително да се одвива на следниов начин:

- барање на договорниот орган да се изврши одредена услуга;
-издавање на предлог-пресметка (понуда) од носителот на набавката за извршување на одредена услуга-интервенција со број на работни часови потребен за извршување на конкретната услуга-интервенција;
- издавање на предлог-пресметка (понуда) од носителот на набавката за замена на резервни делови кои не се наведени во понудата (Прилог 2 кон спогодбата);
-издавање на писмено одобрение за извршување на услугата од договорниот орган (по доставена предлог пресметка);
- извршување на услугите од страна на носителот на набавката и
- одобрување на работен налог за извршена услуга.

**Барање на договорниот орган да се изврши одредена услуга**

Член 9

Доколку договорниот орган има потреба од извршување на услуга со замена или без замена на резервен дел, задолжително се обраќа до носителот на набавката (писмено или преку електронска пошта или усно во зависност од итноста) со барање да ја изврши бараната услуга, односно да му се издаде предлог-пресметка/понуда за извршување на услугата.

## Издавање на предлог-пресметка/понуда од носителот на набавката

Член 10

Носителот на набавката е должен на барање на договорниот орган да издаде предлог-пресметка (понуда) за бројот на работните часови неопходни за извршување на одредена услуга-интервенција и за замена на резервен дел кој не е наведен во понудата (Прилог 2 кон спогодбата).

Носителот на набавката во предлог - пресметката (понуда) задолжително наведува:

-бројот на работните часови неопходни за извршување на конкретната услуга - интервенција;

-опис на услугата што треба да се изврши, цена на резервен дел со пресметана трговска маржа од најмногу 15% од набавната цена на делот, во прилог со примерок од фактурата од испорачателот на резервниот дел или официјален ценовник од производителот на делот;

-барањето од договорниот орган;

-рок во кој ќе ја изврши конкретната услуга, сметано од денот на прифаќање на понудата од страна на договорниот орган.

Понудата/предлог пресметка за секој резервен дел кој не е наведен во понудата (Прилог 2 кон спогодбата) треба да содржи цена на понудениот дел која вклучува:

-цена на резервниот дел кој се набавува, во кој се вклучени сите такси, увозни царини и останати давачки за набавка на делот;

-трговска маржа која се пресметува единствено на набавната цена на делот кој се заменува;

-цена на работен час за преглед, контрола, отстранување и поправка на дефекти и замена на резервни делови која треба да биде во согласност со цената за работен час од финансиската понуда (Прилог 2 кон спогодбата).

Набавната цена на делот кој се заменува е цената на резервниот дел кој се набавува, во кој се вклучени сите такси, увозни царини и останати давачки за набавка на делот.

Наведените делови ја сочинуваат вкупна понудена цена за замена на резервниот дел кој не е наведен во техничката понуда (Прилог 2 кон спогодбата).

При составување на понудата, носителот на набавката треба да ги прикаже сите наведени елементи на цената на понудениот дел.

Утврдувањето на рокот во кој носителот на набавката ќе ја изврши конкретната услуга е должен да го врши врз основа на реална проценка за времето потребно да се изврши услугата.

При замена на резервен дел од техничката понуда покрај цената на резервниот дел при реализација на набавката посебно се искажува цената на резервниот дел и цена на работен час согласно единечната цена за час за преглед, контрола, отстранување и поправка на дефекти и замена на резервни делови од финансиската понуда.

**Писмено одобрение од договорниот орган**

Член 11

Договорниот орган е должен да ја разгледа предлог-пресметката (понудата), да провери дали истата е во согласност со оваа рамковна спогодба и врз основа на процена на оправданоста за извршување на услугата дава одобрение на носителот на набавката.

Носителот на набавката ќе пристапи кон извршување на услугата само по добивање на писмено одобрение дадено од договорниот орган.

Член 12

По исклучок од член 11 на оваа рамковна спогодба, во итни случаи, договорниот орган може да му даде на носителот на набавката усно одобрение за извршување на услугата.

Носителот на набавката е должен да пристапи кон извршување на услугата за која е дадено усно одобрение и истото да го констатира во работниот налог.

По искажување на усното одобрение задолжително следи доставување на писмено одобрение во рок од 7 (седум) работни денови.

За лицата кои можат да дадат усно одобрение во итни случаи договорниот орган ќе го извести носителот на набавката по потпишување на оваа рамковна спогодба.

**Извршување на услугата од носителот на набавката**

Член 13

Носителот на набавката е должен по доставеното барање од договорниот орган, а во итни случаи и по усно барање од страна на договорниот орган, да пристапи кон извршување на услугата и да изврши замена на резервни делови од техничката и финансиската понуда (Прилог 2 кон спогодбата).

Носителот на набавката е должен по добиеното одобрение од страна на договорниот орган да пристапи кон извршување на услугата за која издал предлог-пресметката (понудата).

Доколку во текот на извршување на одобрената услуга, носителот на набавката утврди дека е потребна дополнителна интервенција, тој е должен да направи дополнување на предлог-пресметката и истата да ја достави на одобрување до договорниот орган, а по добиеното одобрение да ја изврши дополнителната услуга.

**Работен налог за извршена услуга**

Член 14

Носителот на набавката се обврзува дека за секоја извршена интервенција ќе издава работен налог, кој треба да биде потпишан од страна на определени лица од носителот на набавката и договорниот орган.

Работниот налог е потребно да ги содржи минимум следните податоци: датум и време на почеток и завршување на услугата, опис на извршената услуга, промена и опис на резервен дел (доколку е сменет дел) со количини и други податоци кои се потребни за потврдување на реализираната услуга.

## VI. РОК И МЕСТО НА ИЗВРШУВАЊЕ НА УСЛУГАТА

Член 15

Носителот на набавката е должен да ја изврши услугата во најкраток оптимален рок, но не подолго од 3 (три) работни дена.

Носителот на набавката е должен да ја изврши услугата во рокот кој е предложен во предлог-пресметката (понудата), а е прифатен од страна на договорниот орган.

Рокот од став 1 на овој член почнува да тече сметано од денот на прифаќање на предлог-пресметката (понудата) од страна на договорниот орган.

Носителот на набавката е должен вградувањето на резервните делови од увоз да го изврши за максимум 60 дена по прифаќањето на понудата од страна на договорниот орган.

Носителот на набавката се обврзува во случај на итен повик, односно на барањето за дополнително вонредно сервисирање од договорниот орган, да интервенира во рок не подолг 24 часа.

Член 16

Двете договорни страни се должни со податоците и документите до кои дошле при извршување на оваа рамковна спогодба, да постапуваат согласно со глава XI Доверливост на информации и податоци од оваа рамковна спогодба и во согласност со одредбите од Законот за заштита на лични податоци.

## VII. НАЧИН И РОК НА ПЛАЌАЊЕ

Член 17

Договорниот орган плаќањето за предметната набавка ќе го изврши во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на фактурата за завршена услуга кон која треба да има приложено уредно потпишан работен налог потпишан со полно име и презиме, за извршената услуга од определените лица за следење на реализација на договорите од двете договорни страни, предлог пресметка/понуда и одобрувањето од договорниот орган за резервниот дел на кој се однесува фактурата (за резервни делови кои не се наведени во техничката и финансиската понуда (Прилог 2 кон спогодбата).

Во случај на замена на резервен дел, кој не е наведен во техничката и финансиската понуда (Прилог 2 кон спогодбата), носителот на набавката кон фактурата покрај предлог пресметка/понуда и одобрувањето од договорниот орган за резервниот дел на кој се однесува фактурата, задолжително приложува и примерок од фактурата на испорачателот на резервниот дел или официјален ценовник на производителот на деловите.

Во понудената единечна цена за резервни делови наведени во техничката и финансиската понуда (Прилог 2 кон спогодбата) е содржана цената на резервниот дел, кој се набавува, во кој се вклучени сите такси, увозни царини и останати давачки за набавка на делот.

Фактурата за плаќање за извршената услуга се доставува на договорниот орган на следнава адреса: ул.„ Даме Груев“ бр.12, 1000 Скопје.

Доколку фактурата отстапува од одобрената предлог-пресметка (понуда) или кон неа не е приложен работниот налог, фактурата нема да биде платена и ќе биде вратена на носителот на набавката заради докомплетирање или доставување на исправна фактура.

## VIII.ПРАВА И ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

Член 18

Носителот на набавката е должен веднаш по влегувањето во сила на рамковната спогодба да пристапи кон нејзина реализација и да ги извршува обврските стручно и квалитетно придржувајќи се кон прифатените услови дефинирани во техничките спецификации кои се составен дел на оваа рамковна спогодба (Прилог 1).

По склучување на рамковната спогодба, носителот на набавката е должен да му достави на договорниот орган список на лицата кои ќе бидат задолжени за реализација на услугата-предмет на рамковната спогодба.

Член 19

Носителот на набавката е особено должен:

-да обезбеди ефикасно и навремено извршување услугите, придржувајќи се кон барањата од договорниот орган;

-да дава соодветни препораки за решавање на секој проблем кој би се појавил во текот на реализација на рамковната спогодба;

-да му се укаже на договорниот орган за било која неправилност во врска со функционирањето на опремата - системот предмет на рамковната спогодба;

-во рамките на извршувањето на своите обврски да соработува со вработените кај договорниот орган кои ќе бидат задолжени за реализација на рамковната спогодба.

Носителот на набавката се обврзува и е должен во рамките на извршувањето на своите обврски да ги смета барањата и интересите на договорниот орган кои се предмет на оваа рамковна спогодба за приоритетни во секое време и да го информира договорниот орган, веднаш доколку се појават одредени околности кои би влијаеле на извршувањето на активностите кои се предмет на оваа рамковна спогодба.

Носителот на набавката е должен за секоја извршена интервенција/услуга да издава работен налог, кој треба да биде потпишан од страна на определени лица од двете договорни страни.

Член 20

Носителот на набавката е должен непосредно пред вградување на резервните делови за истите да достави гарантни листови, сертификати и/или атести од производителот на резервните делови.

## IX. ПРАВА И ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

Член 21

Договорниот орган се обврзува дека ќе му плати на носителот на набавката за извршената услуга согласно член 17 од оваа спогодба.

## X. ДОГОВОРНА КАЗНА

Член 22

За секој ден доцнење во поглед на извршувањето на услугата по приемот на нарачката, носителот на набавката се обврзува на договорниот орган да му плати казна во висина од 0,5% дневно со максимум 10% од вредноста на нарачката.

## XI. ДОВЕРЛИВОСТ НА ИНФОРМАЦИИ И ПОДАТОЦИ

Член 23

Определените лица од носителот на набавката за реализација на рамковната спогодба, задолжително потпишуваат Изјава за доверливост на информации и податоци непосредно пред извршувањето на услугата - предмет на рамковната спогодба.

Под поимот информации и податоци се подразбираат сите внатрешни и надворешни документи, спецификации, лични податоци, истражувања на пазарот или податоци за него, финансиски или маркетиншки информации, други податоци или бизнис, оперативни или технички информации, како и сите останати податоци и информации и независно дали се дадени во писмена, вербална или електронска форма и се во сопственост на договорниот орган.

Исто така, поимот информации и податоци, ги опфаќа и сите други податоци кои не се сопственост на договорниот орган, а се користат за одредени цели во работните задачи и обврски. Тука спаѓаат податоци на сите партнери, клиенти, добавувачи или било кое правно или физичко лице кое со договорниот орган има засновано деловен или било каков друг однос. Договорниот орган ги става податоците на располагање на носителот на набавката во врска со погоре наведената цел, а за непречено одвивање на работните задачи и обврски.

Член 24

Не се предмет на овој договор информации кои биле или станале јавно достапни, но не како резултат на откривање од страна на носителот на набавката и на договорниот орган и без да бидат прекршени одредбите на оваа рамковна спогодба од страна на носителот на набавката што може да се докаже со писмена документација или за кои договорниот орган писмено потврдил дека се ослободени од обврска за неоткривање.

Член 25

Носителот на набавката под целосна морална, материјална и кривична одговорност, се обврзува за време на важноста на рамковната спогодба и во период од (5) пет години од датумот на нејзиното истекување или раскинување да ги чува во тајност сите информации и податоци од било која област на договорниот орган, кои ќе му бидат дадени во процесот на соработката и притоа нема да ги искористи истите за лични цели, во име на друго лице, ниту ќе ги даде на увид на трета страна.

Носителот на набавката се обврзува да ги чува во тајност сите документи и податоци кои содржат информации за договорниот орган или неговите активности, како и неговите односи со клиенти или трети лица, а кои биле подготвени или изнесени во врска со работата за која носителот на набавката е ангажиран од страна на договорниот орган.

Член 26

Носителот на набавката може да ги открие кои било од информациите и податоците наведени во членот 23 став 2 и 3 заради постапување по писмено барање од страна на надлежен орган, со легитимна наредба врз основа на закон.

Носителот на набавката, пред да ги даде бараните податоци ќе се увери дека барањето е валидно и е во согласност со важечки закон и ќе ги открие ваквите податоци само до степен до кој тоа е барано од надлежниот орган кој има овластување да бара такво соопштување.

Член 27

За секој настан или сомневање во однос на закана за нарушување на доверливоста, интегритетот и расположливоста на податоците и информациите, носителот на набавката се обврзува веднаш писмено да го извести определеното лице кај договорниот орган.

Член 28

Носителот на набавката по писмено барање на договорниот орган веднаш ќе ги врати или уништи сите документи кои содржат податоци и информации за договорниот орган, а кои се добиени во врска со работата за која носителот на набавката е ангажиран од страна на договорниот орган, без задржување на било какви фотокопии, изводи или друг вид на копии од нив или дел од нив. И покрај уништувањето на било кој податок и материјали носителот на набавката ќе продолжи да се придржува кон неговата обврска од оваа рамковна спогодба и

други обврски кои произлегуваат од неа, за чување во тајност на сите податоци и информации кои ги сознал на било кој начин, при исполнување на неговите обврски кои произлегуваат од оваа рамковна спогодба.

Член 29

Објавувањето податоци, рекламирањето или публицитетот, како и прес конференциите направени од страна на носителот на набавката во однос на оваа рамковна спогодба или вршење на заеднички деловни активности на договорните страни треба да бидат претходно одобрени од договорниот орган пред нивното спроведување.

Член 30

Одредбите од оваа глава се правно валидни и обврзувачки и кај сите вработени кај носителот на набавката кои имаат добиено овластување за користење на информациите и податоците кои се уредени со овој договор.

## XII. УСЛОВИ ЗА РАСКИНУВАЊЕ НА РАМКОВНАТА СПОГОДБА

Член 31

Кога една од страните во рамковната спогодба нема да ја исполни својата обврска на начин како што е определено со одредбите од оваа рамковна спогодба, другата страна може да бара исполнување на обврската.

Кога една од страните во рамковната спогодба нема да ја исполни својата обврска во определениот рок, другата страна, писмено ќе побара исполнување на обврската и ќе остави примерен дополнителен рок за исполнување на обврската.

Ако страната во рамковната спогодба не ја исполнила својата обврска ниту во определениот рок, ниту во дополнителниот примерен рок, другата страна може да ја раскине спогодбата и има право да бара надомест на штетата.

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски ја раскинува оваа рамковна спогодба, должна е тоа да и го соопшти на другата страна без одлагање и во писмена форма.

## XIII. ВИША СИЛА

Член 32

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна кон другата договорна страна за губитокот, повредата или неизвршувањето на одредбите на оваа рамковна спогодба кои се предизвикани од виша сила.

Под виша сила се подразбираат настани или околности на кои страните не можат да влијаат и се надвор од нивната контрола, а го попречуваат нормалното извршување на оваа рамковна спогодба (елементарни непогоди, воени дејства, граѓански немири, штрајкови од поголеми размери и сл.).

Вишата сила не вклучува настан што е предизвикан од небрежност или намерна активност што би предизвикала застој во извршувањето на обврските од рамковната спогодба.

Ако една од страните е спречена да ги исполнува своите обврски заради виша сила, должна е веднаш писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

За времетраењето на вишата сила сите права и обврски од оваа спогодба мируваат.

Секоја од страните на оваа рамковна спогодба се обврзува на ист начин да ја извести другата страна за повторното воспоставување на нормални услови за извршување на рамковната спогодба, односно за престанокот на дејството на вишата сила.

По отстранувањето на вишата сила, рамковната спогодба, односно поединечниот склучен договор, продолжува да се реализира.

## XIV. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 33

Одредбите од оваа рамковна спогодба можат да се изменат или дополнат со склучување на анекс на рамковната спогодба, по претходна писмена согласност од двете договорни страни и во согласност со важечките закони.

Страната во рамковната спогодба која бара измена или дополнување на одредбите на оваа рамковна спогодба, има обврска своето барање да го достави во писмена форма до другата страна.

### Член 34

Во случај на спор, страните во рамковната спогодба се обврзуваат да го решат спогодбено, во духот на добрите деловни обичаи. Доколку тоа не може да се постигне, сите спорови кои ќе произлезат помеѓу страните во рамковната спогодба, ќе ги решава надлежен суд во Скопје.

### Член 35

За се што не е предвидено со оваа рамковна спогодба, ќе се применуваат соодветните одредби од Законот за јавните набавки, Законот за облигационите односи и други позитивни законски прописи на Република Северна Македонија со кои се уредува предметот на набавката.

Член 36

Ова рамковна спогодба е склучена во 4 (четири) еднообразни примероци, од кои 2 (два) се за секоја страна на рамковната спогодба

Член 37

Оваа рамковна спогодба влегува во сила со денот на потпишувањето од двете страни.

ПОТПИСНИЦИ НА РАМКОВНАТА СПОГОДБА:

| ДОГОВОРЕН ОРГАН: | НОСИТЕЛ НА НАБАВКАТА: |
|---|---|
| РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА<br>МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ | Друштво за трговија и услуги<br>АВЦ ГРОУП ДОО<br>СКОПЈЕ |
| Министер за финансии<br>м-р Гордана Димитриеска - Кочоска | Управител<br>Игор Трајковски |

Изработил: Панче Чоневски
Контролирал: Рената Николоска
Даниела Јанкова
Проверил: м-р Маја Стаменковска Угриновска
Михајло Михајловски
Проверил: Андреј Ангеловски
Владимир Стојанов
Ирена Петковски
Согласен: д-р Андриана Матлиоска

## ТЕХНИЧКИ СПЕЦИФИКАЦИИ ПРИЛОГ 1

Министерството за финансии има потреба од одржување и сервисирање на аудио визуелна опрема.
Носителот на набавката е должен одржувањето и сервисирањето на аудио визуелната опрема да го извршува согласно со наведеното во техничките спецификации и согласно со описот на системот.

Одржувањето на предметот на набавката ќе се врши според потребите и на барање на договорниот орган.

Услугата - предмет на набавката, се врши на следниов начин:

-барање на договорниот орган да се изврши одредена услуга;

-издавање на предлог-пресметка (понуда) од носителот на набавката за бројот на работни часови потребни за извршување на услугата-интервенцијата;

-издавање на предлог-пресметка (понуда) од носителот на набавката за резервни делови кои не се наведени во техничката и финсиската понуда;

-издавање на писмено одобрение за извршување на услугата од договорниот орган (по доставена предлог пресметка);

-извршување на услугите од носителот на набавката и

-работен налог за извршена услуга.

**Предметот на набавката го опфаќа извршувањето на следниве услуги:**

- Отстранување и поправка на дефекти без замена на резервен дел;

-Сервисирање на аудио и видео опрема надвор од објектот (вадење на истата, транспорт, сервис, монтажа и пуштање во работа) без замена на резервен дел;

-Отстранување и поправка на дефекти со замена на резервен дел (кои се наведени во техничката и финсиската понуда);

-Отстранување на утврдениот дефект или проблем, со замена на резервен дел по доставена предлог пресметка (понуда) од страна на носителот на набавката за замена на резервниот дел (кои не се наведени во техничката и финсиската понуда) и по прифаќање на понудата од страна на договорниот орган.

Договорниот орган не е обврзан да ги замени сите резервни делови наведени во техничката и финсиската понуда.

Во понудената единечна цена за резервни делови наведени во техничката и финансиската понуда е содржана цената на резервниот дел, кој се набавува, во кој се вклучени сите такси, увозни царини и останати давачки за набавка на делот.

Висината на трговската маржа за набавка на делот кој не е наведен во техничката и финансиската понуда, а кој треба да се замени по писмено барање на договорниот орган, потребно е да се изрази во (%) сметано од набавната цена на делот.

Набавната цена на делот е цената на резервниот дел кој се набавува, во кој се вклучени сите такси, увозни царини и останати давачки за набавка на делот.

**Во цената на резервниот дел не е вклучена цената за работна рака и истата е искажана посебно во прегледот, контролата, отстранувањето и поправка на дефекти и замена на резервни делови.**

**При замена на резервен дел од техничката понуда покрај цената на резервниот дел при реализација на набавката посебно се искажува цената на резервниот дел и цена на работен час (за онолку работни часови колку што се потребни) согласно единечната цена за час за преглед, контрола, отстранување и поправка на дефекти и замена на резервни делови од финансиската понуда.**

**НАПОМЕНА: Работниот час за Прегледот, контролата, отстранувањето и поправка на дефекти и замена на резервни делови се однесува и во случај на замена на резервен дел (за деловите кои се наведени во техничката понуда како и за деловите кои не се наведени во техничката понуда.**

Во зависност од потребата за вградување на резервен дел кој не е во техничката и финансиската понуда, носителот на набавката треба да понуди цена за истиот со трговска маржа најмногу до 15% од набавната цена на делот. За докажување на висината на маржата носителот на набавката ќе биде должен да достави и примерок од фактура од испорачателот на резервниот дел или официјален ценовник од производителот на делот.

Носителот на набавката е должен непосредно пред вградување на резервни делови за истите да достави гарантни листови, сертификати и/или атести, од производителот на резервните делови.

Гарантниот рок на нововградените резервни делови изнесува минимум 1 (една) година.

Одржувањето и сервисирањето на уредот/системот треба да се врши во согласност со пропишаниот начин за сервисирање и поправки од производителот.

Вградените делови треба да бидат согласно со Македонските национални стандарди кои се во согласност со Европските стандарди.

Носителот на набавката е должен да ја изврши услугата во најкраток оптимален рок, но не подолго од 3 работни дена.

Носителот на набавката е должен да ја изврши услугата во рокот кој е предложен во предлог-пресметката (понудата), а е прифатен од страна на договорниот орган.

Рокот почнува да тече сметано од денот на прифаќање на предлог-пресметката (понудата) од страна на договорниот орган.

Носителот на набавката е должен набавката и вградувањето на резервните делови од увоз да го изврши за максимум 60 дена по прифаќањето на понудата од страна на договорниот орган.

Носителот на набавката се обврзува во случај на итен повик, односно на барањето за дополнително вонредно сервисирање од договорниот орган, да интервенира во рок не подолг од 24 часа и да го санира или отстрани дефектот во најкраток можен рок.

Понудата/предлог пресметка за секој резервен дел кој не е наведен во техничката и финансиската понуда треба да содржи цена на понудениот дел која вклучува:

-цена на резервниот дел кој се набавува, во кој се вклучени сите такси, увозни царини и останати давачки за набавка на делот;

-трговска маржа која се пресметува единствено на набавната цена на делот кој се заменува;

-цена на работен час за преглед, контрола, отстранување и поправка на дефекти и замена на резервни делови од финансиската понуда.

Наведените делови ја сочинуваат вкупна понудена цена за замена на резервниот дел.

Носителот на набавката е должен за секоја извршена интервенција/услуга да издава работен налог, кој треба да биде потпишан од страна на определени лица од носителот на набавката и од договорниот орган.

**Напомена:**

Договорниот орган по службен пат ќе изврши безбедносна проверка од надлежен орган во РСМ за лицата кои ќе ја вршат услугата од предметот на набавката дека истите ги исполнуваат условите за непречено извршување на работите во објектите на органите на државните институции врз основа на потврда издадена од МВР за извршена проверка.

Опис на системот:

Одредени простории (сали за состаноци/канцеларии) во зградата содржат различни видови на опрема наменета за прикажување, споделување и комуницирање.

Има микрофони наменети за дискусија, телевизори или проектори за споделување на видео содржина, звучници, заедно со миксета и други електронски уреди за аудио и видео приказ.

Салите се контролираат со Control 4 (Контрол 4) апликација инсталирана на таблет со Windows оперативен систем.

Договорниот орган нема обврска да ги порача сите наведени резервни делови кои се дадени во Табелата од техничката понуда.

Договорниот орган по потреба може за дел од ставките дадени во Табелата од техничката понуда да порача повеќе количини, додека за дел воопшто да не изврши порачка.

Испораката на резервните делови ќе се врши сукцесивно според потребите на договорниот орган и исклучиво врз основа на порачка издадена од договорниот орган.

Единечните цени ќе се користат за евалуација, а при реализација на договорот, договорниот орган го задржува правото одредени ставки да ги искористи во повеќе наврати, а одредени ставки воопшто да не ги искористи. Кај суксецивните набавки, може да се случи вкупната цена на понудата како збир на сите ставки да е повисока од износот на обезбедени средства. За овие случаи Договорниот орган наведува дека договорот ќе се склучи до вредноста на обезбедените средства и ќе се троши колку што има средства на располагање и во зависност од потребите.

Прилог 2 кон договорот

**Образец на понуда**

Врз основа на огласот 13786/2025 објавен од страна на Министерство за Финансии, за Одржување и сервисирање на аудиовизуелна опрема, со спроведување на набавка од Набавки од мала вредност, и тендерската документација, ја поднесуваме следнава:

## П О Н У Д А

**Дел I – Информации за понудувачот**

I.1. Име на понудувачот: Друштво за трговија и услуги АВЦ ГРОУП ДОО Скопје

I.2. Контакт информации

- Адреса: БОРКА ТАЛЕВСКИ 13А
- Телефон:02 3131 552
- Факс: 02 3109 284
- Е-пошта: avc@avc.com.mk
- Лице за контакт: Гордана Костадиновска

I.3. Одговорно лице: Игор Трајковски

I.4. Даночен број: 4030005539219

I.5. Матичен број: 5961203

I.6 Жиро сметка:300-0000-020-543-02

I.7 Банка Депонент:Комерцијална банка

**Елементи на понудата**

- Документ за регистрирана дејност
- Изјава за сериозност
- Техничка понуда

- Финансиска понуда

**Овој образец не се потпишува своерачно, туку исклучиво електронски, со прикачување на валиден дигитален сертификат чиј носител е одговорното лице или лице овластено од него.*

## Дел I Финансиска понуда

Врз основа на огласот 13786/2025 објавен од страна на Министерство за Финансии, за Одржување и сервисирање на аудиовизуелна опрема, со спроведување на набавка од Набавки од мала вредност и тендерската документација ја поднесуваме следнава:

## Финансиска понуда

| Шифра | Назив на ставка | Мерна единица | Количина | Единечна цена | Вкупна цена (без ДДВ ) | ДДВ | Цена со ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 50342000 -4 | Дистрибуциски засилувач -SONIFEX-(Redbox), RB-DA6„или еквивалентно“ | Парче | 1,00 | 14.100,00 | 14.100,00 | 2.538,00 | 16.638,00 |
| 50342000 -4 | Работен час за преглед, контрола, отстранување и поправка на дефекти и замена на резервни делови | Работен час | 1,00 | 4.000,00 | 4.000,00 | 720,00 | 4.720,00 |
| 50342000 -4 | Безжичен дигитален микрофонски сет - AKG- DSR70 (DIGITAL STATIONARY RECEIVER)„или еквивалентно“ | Парче | 1,00 | 10.050,00 | 10.050,00 | 1.809,00 | 11.859,00 |
| 50342000 -4 | Бежичен Микрофон -AKG – DHT70„или еквивалентно“ | Парче | 1,00 | 4.250,00 | 4.250,00 | 765,00 | 5.015,00 |
| 50342000 -4 | Професионален двоканален Засилувач – Crown- 1002 XTI Series „или еквивалентно“ | Парче | 1,00 | 16.550,00 | 16.550,00 | 2.979,00 | 19.529,00 |
| 50342000 -4 | Дигитален рисивер за превод -DIS-, DR-6004„или еквивалентно“ | Парче | 1,00 | 5.000,00 | 5.000,00 | 900,00 | 5.900,00 |
| | | | | **Вкупно** | 53.950,00 ден | 9.711,00 ден | 63.661,00 ден |

Вкупната цена на нашата понуда, вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, без ДДВ, изнесува: **53.950,00** (**педесет и три илјади деветстотини и педесет денари**) денари.
Вкупниот износ на ДДВ изнесува **9.711,00** денари.

I.1 Го прифаќаме начинот на испорака утврден во тендерската документација.

I.2 Се согласуваме со начинот и рокот на плаќање утврден во тендерската документација.

I.3 Нашата понуда важи за период утврден во тендерската документација.

I.4 Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во тендерската документација.

**Овој образец не се потпишува своерачно, туку исклучиво електронски, со прикачување на валиден дигитален сертификат чиј носител е одговорното лице или лице овластено од него.*

Техничка понуда:

**Согласни сме да ви ја понудиме услугата која е предмет на набавката - одржување и сервисирање на аудиовизуелна опрема, во се според барањата дефинирани во техничките спецификации.**

**НАПОМЕНА:Доколку економскиот оператор нуди дел кој е еквивалентен на бараниот, истиот треба да биде наведен со точен модел/тип или part number на делот при што еквивалентноста треба да ја потврди со ИЗЈАВА дека наведниот дел е еквивалентен на бараниот и истиот одговара на потребите на договорниот орган.**

**Доколку економскиот не го наведе точниот назив на еквивалентот, што го нуди, понудата ќе биде отфрлена за неприфатлива.**

**Изјавата се доставува заедно со понудата и треба да биде потпишана со валиден дигитален сертификат од економскиот оператор.**

**Доколку изјавата не биде поднесена заедно со понудата, истата не може да се достави дополнително со што понудата се отфрла за неприфатлива.**

| Табела А - РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ | | | |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| **Р.б** | **Опис** | **Единица мерка** | **Понуден модел/тип или part number** |
| 1 | Професионален двоканален Засилувач - Crown- 1002 XTI Series „или еквивалентно" | Парче | CROWN 1002XTI |
| 2 | Дигитален рисивер за превод -DIS-, DR-6004„или еквивалентно" | Парче | BOSCH LBB4540/04 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 3 | Безжичен дигитален микрофонски сет -AKG- DSR70 (DIGITAL STATIONARY RECEIVER)„или еквивалентно" | Парче | SHURE BLX24RE/SM58 |
| 4 | Бежичен Микрофон -AKG - DHT70„или еквивалентно" | Парче | SHURE BLX2 |
| 5 | Дистрибуциски засилувач - SONIFEX-(Redbox), RB-DA6„или еквивалентно" | Парче | SONIFEX RB-DA6 |

**НАПОМЕНА 1: Економскиот оператор ја потпишува со валиден дигитален сертификат и прикачува техничката понуда во моментот на поднесување на понудата како дел од целокупната документација. Недоставувањето на техничка понуда е основ за отфрлање на понудата.**

**НАПОМЕНА 2: Вкупниот износ на маржа на набавната цена на резервните делови кои не се предвидени во Техничката и финансиската понуда изнесува максимум 15 %.**

**НАПОМЕНА 3: Економскиот оператор задолжително ги пополнува сите празни колони/полиња, спротивно понудата ќе биде отфлена како неприфатлива.**